**Народна банка на Република Северна Македонија**
**Дирекција за статистика**

Скопје, 30 мај 2025 година

## Соопштение за печат

# Позначајни движења во платниот биланс[1] во првиот квартал од 2025 година

Во првиот квартал од 2025 година, во тековните трансакции со нерезидентите е остварен дефицит од 339,3 милиони евра, како резултат на дефицитот во стоковната размена и кај салдото на примарниот доход. Кај финансиските трансакции со нерезидентите се остварени нето-приливи од заеми, трговски кредити и директни инвестиции, а нето-одливи од портфолио-инвестиции и валути и депозити.

### Основни компоненти на платниот биланс на Република Северна Македонија

(во милиони евра)

| | тековна година | претходна година | | квартална промена | | годишна промена | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Кв.1 2025 | Кв.1 2024 | Кв.4 2024 | милиони евра | % | милиони евра | % |
| **Тековна сметка** | **-339.3** | **-196.8** | **-291.4** | **-47.8** | 16.4 | **-142.5** | 72.4 |
| Стоки | **-832.8** | **-817.0** | **-893.3** | **60.5** | -6.8 | **-15.8** | 1.9 |
| Услуги | **216.5** | **303.0** | **146.0** | **70.5** | 48.3 | **-86.5** | -28.6 |
| Примарен доход | **-207.1** | **-202.2** | **-197.6** | **-9.5** | 4.8 | **-4.9** | 2.4 |
| Секундарен доход | **484.1** | **519.4** | **653.5** | **-169.3** | -25.9 | **-35.3** | -6.8 |
| **Капитална сметка** | **-0.3** | **-1.0** | **9.8** | **-10.2** | | **0.7** | |
| **Финансиска сметка** | **-329.0** | **-192.3** | **-212.3** | **-116.7** | | **-136.7** | |
| *Позначајни компоненти:* | | | | **0.0** | | **0.0** | |
| Директни инвестиции | **-97.3** | **-277.0** | **-355.2** | **257.8** | | **179.6** | |
| Нето-стекнување средства | **207.4** | **219.7** | **-307.0** | **514.5** | | **-12.2** | |
| *Сопственички капитал* | **25.1** | **28.1** | **41.9** | **-16.8** | | **-3.0** | |
| *Реинвестирање на добивка* | **5.8** | **4.8** | **4.4** | **1.4** | | **1.0** | |
| *Должнички инструменти* | **176.5** | **186.7** | **-353.3** | **529.9** | | **-10.2** | |
| Нето-создавање обврски | **304.8** | **496.6** | **48.1** | **256.6** | | **-191.9** | |
| *Сопственички капитал* | **135.7** | **97.7** | **104.4** | **31.3** | | **38.1** | |
| *Реинвестирање на добивка* | **148.7** | **144.6** | **-3.6** | **152.4** | | **4.1** | |
| *Должнички инструменти* | **20.3** | **254.4** | **-52.6** | **72.9** | | **-234.1** | |
| Портфолио-инвестиции | **495.3** | **67.0** | **69.4** | **425.9** | | **428.3** | |
| Валути и депозити | **148.9** | **174.3** | **-18.3** | **167.2** | | **-25.4** | |
| Заеми | **-347.6** | **22.4** | **-401.0** | **53.5** | | **-370.0** | |
| Трговски кредити | **-190.9** | **114.3** | **-104.8** | **-86.1** | | **-305.2** | |
| Девизни резерви | **-337.0** | **-291.9** | **598.6** | **-935.6** | | **-45.1** | |
| *Ставки на меморандум:* | | | | | | | |
| Директни инвестиции во земјата | **135.8** | **327.2** | **397.5** | **-261.6** | | **-191.3** | |

...* процентуалната промена е над 100

Напомена: Во финансиската сметка знакот (-) означува нето-приливи од странство. Кај девизните резерви знакот (+) означува зголемување, додека знакот (-) означува намалување на девизните средства. Во податоците за девизните резерви се исклучени ценовните промени и курсните разлики.

Извор: НБРСМ.

[1] Платниот биланс претставува статистички извештај којшто систематски ги сумира сите економски трансакции на Република Северна Македонија со странство за определен временски период, односно ги сумира тековните, капиталните и финансиските трансакции помеѓу резидентите и нерезидентите.

## *Тековна сметка*

Во првиот квартал од 2025 година, од аспект на движењата кај компонентите на тековната сметка, дефицит е остварен  во размената на стоки (832,8 милиони евра) и кај примарниот доход (207,1 милион евра), којшто ги надмина нето-приливите остварени кај секундарниот доход и размената на услуги (484,1 и 216,5 милиони евра, соодветно).

Во споредба со истиот квартал од минатата година, дефицитот во тековната сметка е зголемен за 142,5 милиони евра, што се должи на влошување кај сите под – компоненти на тековната сметка.







Извор: НБРСМ

## *Финансиска сметка*

Во првиот квартал од 2025 година, кај финансиските трансакции со нерезидентите се остварени нето-приливи од 329 милиони евра. Нето-приливи се остварени кај заемите (347,6 милиони евра), трговските кредити (190,9 милиони евра) и директните инвестиции (97,3 милиони евра), додека нето-одливи се забележани кај портфолио-инвестициите (495,3 милиони евра) и валутите и депозитите (148,9 милиони евра).

Нето-приливите врз основа на директни инвестиции (97,3 милиони евра) се резултат на нето-приливите остварени кај реинвестираната добивка и сопственичкиот капитал (143 и 110,6 милиони евра, соодветно), при нето одливи врз основа на меѓукомпанискиот долг (156,3 милиони евра). За споредба, во првиот квартал од минатата година, нето-приливите од директни инвестиции изнесуваа 277 милиони евра.

Во првиот квартал од 2025 година, обврските врз основа на директни инвестиции[2] бележат зголемување од 304,8 милиони евра, како резултат на нето-растот на обврските врз основа

[2] Се прикажуваат директните инвестиции во зависност од тоа дали финансиските трансакции создаваат обврска кон или побарување (средства) од странство.

на реинвестираната добивка (148,7 милиони евра), сопственичкиот капитал (135,7 милиони евра) и меѓукомпанискиот долг (20,3 милиони евра).

Средствата врз основа на директни инвестиции се зголемени за 207,4 милиони евра поради зголемени побарувања врз основа на меѓукомпанискиот долг (за 176,5 милиони евра), сопственичкиот капитал (за 25,1 милион евра) и реинвестираната добивка (за 5,8 милиони евра).

Директните инвестиции во земјата, во првиот квартал од 2025 година, изнесуваат 135,8 милиони евра како резултат на нето-приливи кај реинвестирањето на добивката (148,7 милиони евра) и сопственичкиот капитал (135,8 милиони евра), при нето-одливи кај должничките инструменти (148,6 милиони евра).

Во првиот квартал од годината, нето-обврските врз основа на портфолио-инвестиции се намалени за 495,3 милиони евра, во најголем дел како резултат на достасувањето на обврските врз основа на должнички хартии од вредност издадени од државата, а во помал дел и од реоткупот на домашните еврообврзници од страна на резиденти. Истовремено се остварени намалени побарувања од вложувањата на резидентите во должнички хартии од вредност (49,3 милиони евра), при зголемени побарувања од вложувањата во странски сопственички хартии од вредност (29,4 милиони евра).

Нето-обврските врз основа на заеми се зголемени за 347,6 милиони евра, во целост како резултат на зголемените обврски на секторот „држава" (494,7 мил. евра), при нето-одливи кај централната банка[3] (64,1 милион евра), депозитните институции (42,2 милиона евра) и останатите сектори[4] (40,9 милиони евра).

Во првиот квартал од годината, нето-приливите од заеми (347,6 мил. евра), трговски кредити (190,9 мил. евра), директни инвестиции (97,3 милиони евра), како и девизните резерви овозможија финансирање на дефицитот на тековната сметка и на нето-одливите остварени кај останатите компоненти на финансиската сметка.

[3] Активности на Народната банка поврзани со управувањето со девизните резерви.

[4] Останатите сектори опфаќаат: останати финансиски институции, нефинансиски претпријатија, домаќинства и непрофитни институции коишто им служат на домаќинствата.







Извор: НБРСМ.

## *Придружни информации*

Временски серии податоци: годишни, квартални и месечни податоци за платниот биланс https://nbstat.nbrm.mk/pxweb/mk/

Методолошки појаснувања: http://www.nbrm.mk/platen_bilans.nspx

Следни објавувања: Календар на објавување податоци http://www.nbrm.mk/kalendar_na_objavuvanje_na_podatoci.nspx

Квартален платен биланс: 29 август 2025 (референтен период, заклучно со јуни 2025 година).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 103 (или 110/108).